Funded by the European Union

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (НКЕУ-МК)

## „РЕФОРМИ ОД ДРУГАТА СТРАНА НА РЕТОРИКАТА: РЕГИОНАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА ПАТОТ КОН ЕВРОПСКАТА УНИЈА"




# БИЛТЕН

## ОСМА ПЛЕНАРНА И ЧЕТВРТА РЕГИОНАЛНА ПЛЕНАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

Let the Justice Rule the Region

SFPA
Slovak Foreign Policy Association

На 26 и 27 ноември 2025 ја одржавме Четвртата регионална пленарна конференција на Националната конвенција за Европската унија на Република Северна Македонија (НКЕУ-МК), одржана под темата „Реформи од другата страна на реториката: Регионални предизвици на патот кон Европската унија“. Конференцијата претставуваше клучна платформа за структуриран дијалог меѓу државните институции, граѓанскиот сектор и експертската јавност, адресирајќи ја критичната состојба на пристапниот процес на Северна Македонија кон ЕУ и неговиот регионален контекст.

Дискусиите, објавени во овој билтен, одразуваат длабока и честопати критичка анализа на европскиот пат на земјата. Иако формалното отворање на преговорите е признаено, централна тема низ целата конференција е суштинската блокада на процесот. Клучните говорници, меѓу кои националната координаторка професорка Милева Ѓуровска, претседателот на Собранието Африм Гаши и претседателот на Националниот совет за европска интеграција Венко Филипче, едногласно ја истакнаа стагнацијата, нагласувајќи дека главните предизвици лежат во недоволната имплементација на реформите, особено во областа на владеењето на правото и борбата против корупцијата. Конференцијата се стремеше да ја надмине декларативната поддршка за евроинтеграциите, фокусирајќи се на „другата страна на реториката“ – конкретната, честопати тешка, работа потребна за институционална и општествена трансформација.



Билтенот ги опфаќа различните перспективи на високи национални и меѓународни чинители. Говорници од Парламентот, Владата, правосудството и дипломатскиот кор (вклучувајќи ги амбасадорите на Словачка и Холандија) ги изнесоа своите гледишта за напредокот и пречките. Значаен дел од содржината е посветен на итната потреба од правосудна реформа. Експертските прилози, особено од правни професионалци и академици, навлегуваат во спецификите на законодавните промени, потребата за финансиска и институционална независност на судството и императивот за модернизација на системот за справување со криминалот во дигиталната ера. Регионалната димензија е подеднакво истакната, со претставници од Србија, Албанија и Црна Гора кои ги споделуваат своите национални искуства, нудејќи компаративни сознанија за успесите и неуспесите на реформските процеси низ Западниот Балкан, и истовремено нагласувајќи ја сложената меѓуигра на геополитиката, билатералните спорови и внатрешната политичка волја во обликувањето на евроинтегративната траекторија на секоја земја.

На крајот, овој документ служи како сеопфатен запис на клучен момент во дискусијата за европската интеграција. Тој илустрира широк консензус за стратешката цел – членство во ЕУ – додека истовремено ги открива длабоките несогласувања и предизвици во однос на патот до таа цел. Материјалите од конференцијата, детално претставени во овој билтен, потврдуваат дека напредокот не зависи од политичката реторика, туку од опипливото, доследно и транспарентно спроведување на реформите. Заедничкото разбирање е дека без обновена посветеност на владеењето на правото, институционалниот интегритет и вистинскиот јавен дијалог, европската перспектива за Северна Македонија и регионот останува значително загрозена.



## Милева ЃУРОВСКА

национален координатор на НКЕУ-МК, професор на Филозофски факултет, Скопје, претседателка на Европско движење;

Професорката Милева Ѓуровска ја отвори Осмата пленарна конференција на НКЕУ-МК, одржана во Собранието на Република Северна Македонија, нагласувајќи ја улогата на Конвенцијата како структурирана платформа за дијалог меѓу институциите, граѓанскиот сектор и експертската јавност во процесот на европска интеграција.

Таа истакна дека НКЕУ-МК во изминатите години функционира како глас на стручната јавност, обезбедувајќи простор за аргументирани препораки засновани на европските директиви и стандарди, со цел јакнење на институциите и приближување до европскиот начин на живеење. Ѓуровска изрази благодарност за континуираната поддршка од Делегацијата на ЕУ, Словачката развојна агенција и Кралството Холандија, како и за отворената соработка со Собранието и релевантните државни институции.

Во своето обраќање, таа укажа дека, и покрај формалното отворање на преговорите, процесот на пристапување останува суштински блокиран, при што владеењето на правото и борбата против високата корупција се клучни внатрешни предизвици. Според неа, без реални реформи и зголемена доверба во институциите, европската перспектива не може да биде одржлива, а регионалната соработка преку националните конвенции претставува значаен, но сè уште недоволно искористен потенцијал.
„Европската интеграција може да биде успешна само доколку реформите се резултат на отворен дијалог, експертска аргументација и активно учество на граѓанското општество.“



## Африм ГАШИ

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија;

Африм Гаши, претседател на Собранието на Република Северна Македонија, во своето обраќање упати јасна порака дека европската интеграција останува клучен и непоколеблив стратешки интерес на државата. Тој ја поздрави националната координаторка на НКЕУ-МК, Милева Ѓуровска, како и претставниците на институциите, дипломатскиот кор, граѓанскиот сектор и медиумите, нагласувајќи дека токму ваквите форуми претставуваат суштински простор за демократска размена на идеи и визии за европската иднина на земјата.

Гаши истакна дека темата на конференцијата „Реформи од другата страна на реториката“ – директно повикува на надминување на декларативните политички пораки и насочување кон суштината на процесот на европска интеграција. Според него, европскиот пат не се состои од општи изјави и политички наративи, туку од конкретна работа, институционална одговорност и подготвеност за справување со реалните и често сложени предизвици. Во таа смисла, тој нагласи дека ваквите дебати неизбежно вклучуваат критики и незадоволства насочени кон различни чинители – Собранието, Владата, па дури и Европската Унија – што, како што оцени, е нормален и здрав елемент на една функционална демократија.

Во продолжение, претседателот на Собранието се осврна на честите обвинувања во јавниот дискурс, при што дел од одговорноста се лоцира кај пратениците во контекст на уставните измени, кај извршната власт поради темпото на реформите, или пак кај Европската Унија во однос на предвидливоста, гаранциите и двојните стандарди. Гаши оцени дека сите овие аспекти заслужуваат внимателна и аргументирана анализа, но истовремено потсети дека Северна Македонија има достигнато ниво на институционална зрелост што наметнува потреба од стратешка јасност и одговорност. Во таа насока, тој недвосмислено истакна дека иднината на државата е во Европската Унија и дека таа определба не смее да биде предмет на колебање.

Осврнувајќи се на најновиот извештај на Европската комисија за напредокот на земјата, Гаши нагласи дека истиот ја потврдува европската ориентација на Северна Македонија, но и укажува на сериозни предизвици со кои институциите продолжуваат да се соочуваат. Тој изрази задоволство што работата на Собранието е оценета како задоволителна, но посочи дека забелешките за политичката поларизација, честата употреба на скратени законодавни постапки, потребата од поефикасен парламентарен надзор и поголемо вклучување на граѓанското општество претставуваат јасни насоки за унапредување на парламентарната работа. Според него, овие наоди не се изненадување и токму затоа, од самиот почеток на неговиот мандат, како приоритети ги поставил подигнувањето на политичката култура, транспарентноста, ефикасноста и инклузивноста на законодавниот процес.

Во тој контекст, Гаши упати јавен повик до Владата и до пратениците да се избегнуваат скратени постапки, да се прошири просторот за дебата и да се гради повисоко ниво на политичка култура. Тој подвлече дека европската интеграција не се мери со брзината на носење одлуки, туку со квалитетот на реформите и степенот на доверба што институциите го уживаат кај граѓаните. Посебно внимание посвети на уставните измени, оценувајќи ги како еден од клучните предизвици во актуелната фаза на процесот, при што билатералните прашања и политичките тензии не смеат да станат трајна пречка за европскиот пат на државата.

Гаши нагласи дека Северна Македонија останува отворена за принципиелен и конструктивен дијалог со соседите и дека напредокот на земјите од регионот, како Албанија и Црна Гора, претставува доказ дека политиката на проширување е жива. Во услови на глобални безбедносни и политички кризи, интеграцијата во Европската Унија, според него, не е луксуз, туку неопходност за стабилноста, безбедноста и долгорочниот развој на државата. Тој потсети дека членството во НАТО обезбедува безбедносна рамка, додека членството во ЕУ претставува пат кон одржлив економски, институционален и демократски напредок.

„Европската интеграција не е само надворешнополитичка цел, туку процес што бара функционални институции, одговорна политичка култура и постојан дијалог меѓу сите општествени чинители."



**Венко ФИЛИПЧЕ**

Претседател на Националниот совет за европска интеграција во Собранието на Република Северна Македонија;

Венко Филипче, претседател на Националниот совет за европска интеграција во Собранието на Република Северна Македонија, на испрати отворена и критичка оценка за состојбата на европските интеграции, нагласувајќи дека земјата веќе подолг период стагнира и ја пропушта историската можност за суштински напредок.

Филипче најнапред ја поздрави организацијата на конференцијата и ја истакна важноста на Националната конвенција и на Националниот совет за европска интеграција како форуми во кои се собираат мислења од различни општествени чинители – институции, стопански комори, синдикати, академска заедница, граѓански и верски организации. Според него, само преку ваков инклузивен пристап и преку сублимат на експертски мислења може да се креираат реални и одржливи политики во процесот на европска интеграција.

Тој оцени дека изминатите година и пол јавната дебата е сведена на постојано повторување на истите пораки за потребата од реформи и напредок, без конкретни резултати на терен. Во меѓувреме, како што нагласи, земјата тапка во место, губи драгоцено време, а младите сè повеќе ја напуштаат државата во потрага по подобри услови за живот. Според Филипче, европските интеграции се единствениот реален пат напред, што, како што рече, го потврдуваат искуствата на земјите од поранешниот источен блок и од регионот. Тој ја наведе Полска како пример за земја чиј економски раст и развој се директна последица на процесот на европска интеграција, пристапот до заедничкиот пазар и длабоките системски реформи.

Осврнувајќи се на последниот извештај на Европската комисија, Филипче изрази сериозна загриженост, оценувајќи го како најлош во последната деценија, со исклучок на 2015 година кога земјата беше оценета како „заробена држава". Тој истакна дека и покрај јасната волја на Европската Унија за проширување, во извештајот недвосмислено е констатирано дека во земјата нема суштински реформи. Според него, притисокот врз правосудството, партизацијата на институциите и отсуството на системски промени укажуваат на континуитет на проблематичен модел на владеење.

Филипче посочи дека Северна Македонија добива значително помалку европска финансиска поддршка во споредба со земјите што веќе станале членки на ЕУ. Тој нагласи дека додека земјите од Западен Балкан добивале околу шест милијарди евра поддршка во повеќегодишни периоди, држави како Хрватска и Бугарија добиле околу 40 милијарди евра грантови за реформи и инфраструктура. Во таа насока, тој остро ја критикуваше праксата на задолжување преку сомнителни кредити за инфраструктурни проекти, кога истите можат да се реализираат со неповратни европски средства, предупредувајќи дека на тој начин се оптоваруваат идните генерации.

Во продолжение, Филипче укажа дека дури и во случај веднаш да се донесат уставните измени, земјата не би била подготвена да ги започне суштинските преговори со Европската Унија, поради недонесените патокази за владеење на правото, функционирањето на демократските институции и реформата на јавната администрација. Тој оцени дека ова сериозно ја доведува во прашање политичката волја на актуелната власт за вистински напредок во евроинтегративниот процес.

Посебен акцент стави на слабостите во правосудството и борбата против корупцијата, наведувајќи дека не се донесени клучни закони, не е зајакната улогата на Судскиот совет, не се применува доследно електронскиот систем за управување со судските предмети, а јавните обвинителства се соочуваат со недостиг од човечки и финансиски ресурси. Дополнително, тој укажа на ограничениот напредок во медиумските слободи, како и на честата употреба на скратени постапки во Собранието, што ја намалува можноста за квалитетна и инклузивна законодавна дебата.

„Националната конвенција за ЕУ претставува клучна платформа каде експертските аргументи и граѓанскиот придонес директно се вградуваат во креирањето на европските политики и реформски приоритети."









## Игор ЗДРАВКОВСКИ

Заменик-претседател на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Северна Македонија;

Игор Здравковски, заменик-претседател на Комисијата за европски прашања во Собранието на Република Северна Македонија, ја истакна важноста на Конвенцијата како инклузивна платформа за суштинска јавна дебата за реформите и европската интеграција. Тој нагласи дека токму ваквите форуми овозможуваат отворен дијалог меѓу институциите, парламентот, граѓанското општество, академската заедница и меѓународните партнери, со цел поефикасно обликување на националните политики за пристапување кон Европската Унија.

Здравковски потенцираше дека Комисијата за европски прашања, како клучно собраниско тело, има посебна одговорност во спроведувањето на реформите и исполнувањето на обврските што произлегуваат од европската агенда. Според него, фокусот мора да биде ставен на усогласувањето со правото на ЕУ, јакнењето на институционалните капацитети и обезбедувањето транспарентен, инклузивен и предвидлив реформски процес. Тој се осврна и на неодамнешната заедничка седница на Комисијата и Националниот совет за европска интеграција, на која бил разгледан Годишниот извештај на Европската комисија, оценувајќи дека истиот претставува јасен показател и за постигнатото, но и за сериозните слабости што мора итно да се адресираат.

Во своето излагање, Здравковски ја нагласи и важноста на Планот за раст на Западниот Балкан, усвоен од Европската комисија во 2023 година, како значаен политички и финансиски инструмент што им овозможува на земјите од регионот пристап до дел од придобивките на Унијата уште пред формалното членство. Според него, продлабочувањето на економската соработка, зелената агенда и дигиталната транзиција се клучни приоритети за побрз и одржлив развој на државата, при што секој застој во реформите претставува изгубено време што ќе треба да го надоместат идните генерации.

Посебен акцент стави на реформите во областа на владеењето на правото, нагласувајќи дека тие мора да се темелат на широк политички, експертски и општествен консензус, а не на надгласување. Тој потсети дека долготрајнотоназадување во извештаите на Европската комисија, особено по 2013 година, е резултат на неисполнетите домашни обврски и недоволното усогласување со европските критериуми. Во тој контекст, Здравковски истакна дека злоупотребата на европското знаменце и скратените постапки мора да станат минато и дека Комисијата за европски прашања ќе инсистира на суштински, а не декларативен реформски пристап. Тој заклучи дека излезот од сегашниот застој е можен само преку заедничка одговорност, зрел дијалог и јасна определба најпрво да се заврши „домашната задача“, а потоа да се продолжи по европскиот пат со поголема кредибилност и доверба.

„Реформите поврзани со европската агенда бараат политичка зрелост, консензус и јасна ориентација кон владеење на правото како основа за напредок и доверба на граѓаните.“

## Ивета ХРИЦОВА

Амбасадорка на Република Словачка во Република Северна Македонија



Ивета Хрицова, амбасадорка на Република Словачка во Република Северна Македонија, изрази силна поддршка за европската перспектива на државата и ја истакна вредноста на Конвенцијата како платформа за инклузивен и експертски дијалог.

Таа нагласи дека присуството на голем број учесници на пленарната седница е јасен показател за посветеноста на државата кон реформите, транспарентноста и конструктивната дебата. Според амбасадорката Хрицова, Северна Македонија се наоѓа во важен и чувствителен момент на својот европски пат – процес кој не е лесен и кој бара трпение, политичка храброст и способност за донесување одлуки што носат долгорочни придобивки за граѓаните. Таа истакна дека државата и во минатото покажала отпорност и капацитет за изнаоѓање заеднички решенија, дури и во сложени политички околности, а токму затоа Националната конвенција има особена вредност.

Амбасадорката потенцираше дека Словачка, заедно со останатите земји членки на Европската Унија, цврсто стои зад Северна Македонија, нудејќи не само финансиска и техничка поддршка, туку и споделување на сопствените искуства од процесот на пристапување кон ЕУ. Таа нагласи дека зајакнувањето на институциите, градењето доверба и спроведувањето на длабоки реформи се сложени и долготрајни процеси, но дека успехот е можен само доколку реформите имаат широка поддршка од граѓаните и доколку нивната корист е јасно видлива.

Хрицова посочи дека Европската Унија внимателно го следи напредокот во клучните области како владеењето на правото, независноста на институциите и уставните прашања, не како формални услови, туку како темел на секоја стабилна демократија. Овие реформи, според неа, создаваат доверба, привлекуваат инвестиции и им даваат сигурност на граѓаните дека државата функционира во нивен интерес.

Во заклучокот, таа истакна дека иако одлуките што претстојат се политички чувствителни и тешки, тие истовремено претставуваат можност за градење побезбедна, постабилна и поевропска иднина. Амбасадорката порача дека патот кон Европската Унија се темели на соработка меѓу институциите, експертите, граѓанското општество и граѓаните, и потврди дека Словачка ќе продолжи да биде посветен партнер и поддржувач на Северна Македонија на овој пат.
„Владеењето на правото, независните институции и довербата на граѓаните не се формални услови во пристапниот процес, туку темелот на секоја стабилна и демократска држава и предуслов за одржлива европска иднина.“



**Узлем ЦАНЕЛ**

Амбасадорка на Кралството Холандија во Република Северна Македонија

Узлем Цанел, амбасадорка на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, истакна силна и конзистентна поддршка за европската перспектива на Северна Македонија и регионот, нагласувајќи дека времето за одлучно дејствување е токму сега.

Таа потсети дека ова е нејзино второ учество на конференцијата и дека и Националната конвенција и регионалниот проект „Нека правдата владее со регионот“, поддржан преку програмата МАТРА, претставуваат значајни платформи што ја поддржуваат интеграцијата во Европската Унија. Според Цанел, овие иницијативи имаат клучна улога во обединувањето на експертите и граѓанското општество од Северна Македонија, Србија и Албанија, со цел заеднички да се идентификуваат и надминат предизвиците на евроинтегративниот процес, особено во областа на владеењето на правото.

Амбасадорката нагласи дека земјите од регионот се наоѓаат во различни фази од процесот на пристапување и се соочуваат со специфични предизвици, поради што е потребен приспособен и реалистичен реформски пристап. Во таа насока, таа ја истакна важноста на извештаите на Европската комисија и на извештаите за владеењето на правото како клучни алатки што даваат јасна слика за напредокот, но и за областите каде што реформите стагнираат, особено во борбата против корупцијата и организираниот криминал. Дополнително, Планот за раст на Западниот Балкан, според неа, претставува значаен финансиски инструмент за поддршка на овие реформски процеси.

Во својот говор, Цанел посочи дека Холандија, како и другите земји членки на Европската Унија, останува цврсто посветена на поддршката на реформите во регионот, со јасна цел – стабилен, просперитетен и интегриран Западен Балкан во рамките на ЕУ. Таа ја истакна потребата да не се губи дополнително време и нагласи дека за Северна Македонија клучниот чекор е отклучувањето на формалниот почеток на пристапните преговори, преку спроведување на уставните измени, во согласност со заклучоците на Советот на ЕУ од 2023 година.Амбасадорката особено го потенцираше владеењето на правото како темел на процесот на пристапување, нагласувајќи дека независното судство, борбата против корупцијата и организираниот криминал и реформите во јавната администрација се суштински не само за влез во Европската Унија, туку и за успешното функционирање како идна земја членка. Дополнително, таа укажа на потребата од забрзување на економскиот раст и приближување кон европскиот животен стандард, при што регионот се соочува со сериозни структурни предизвици, како што се одливот на млади, зависноста од увозна енергија, инфраструктурните празнини и климатските ризици.
„Времето за одлуки и реформи е сега, владеењето на правото, борбата против корупцијата и независното судство се најосновниот услов и за членство во ЕУ и за успешна држава.“

**Марија ПЕТРУШЕВСКА**

Пратеник, Потпретседател на Комисијата за европски прашања на Собранието;



Марија Петрушевска, пратеник и потпретседателка на Комисијата за европски прашања при Собранието на Република Северна Македонија, истакна дека ѝ претставува особена чест што се обраќа на Националната конвенција во момент кога европската интеграција повторно се наоѓа високо на политичката и институционалната агенда. Таа нагласи дека процесот на проширување на Европската Унија добива нова динамика, особено преку позитивните пораки што доаѓаат од европските институции, меѓу кои и ставот дека билатералните прашања треба да се разгледуваат одвоено од самиот процес на проширување.

Петрушевска се осврна на најновите извештаи на Европската комисија за земјите од регионот, оценувајќи ги како јасен патоказ за реформите што треба да се испорачаат, но и како реална слика за постигнатиот напредок и преостанатите предизвици. Во тој контекст, таа подвлече дека Собранието има една од клучните улоги во процесот на европска интеграција, особено преку законодавната функција, надзорот над извршната власт и градењето политички консензус.

Како долгогодишен сведок на евроинтегративниот процес, таа потсети дека Северна Македонија веќе две децении добива препораки за започнување преговори, што, според неа, јасно укажува дека европската перспектива е реална и достижна, доколку постои доволна политичка волја. Во тој правец, Петрушевска нагласи дека реформите не се само услов за членство, туку директно влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните, јакнењето на институциите и економскиот развој.

Посебен акцент беше ставен на реформите во областа на владеењето на правото, судството и јавното обвинителство, како темел на пристапниот процес, но и на напредокот во економските политики, дигиталната трансформација и зелената агенда. Таа истакна дека подобрувањето на јавните услуги е од суштинско значење, бидејќи тие се првата точка на контакт меѓу граѓаните и државата, а дигитализацијата директно придонесува кон намалување на коруптивните ризици.

На крајот, Петрушевска нагласи дека полноправното членство во Европската Унија останува стратешки приоритет за парламентарното мнозинство и за најголем дел од политичките субјекти. Таа повтори дека билатералните спорови не треба да го држат процесот на проширување во заложништво и повика на политичка зрелост, регионална соработка и заедничка посветеност на европската иднина на државата.

„Европските реформи не се само услов за членство во Европската Унија, туку суштински процес за јакнење на институциите, подобрување на јавните услуги и зголемување на довербата на граѓаните во државата.“



**Викторија ТРАЈКОВ**

Заменик-министер за европски прашања, Република Северна Македонија;

Викторија Трајков, заменик-министерка за европски прашања на Република Северна Македонија, истакна дека Националната конвенција претставува исклучително значајна платформа за континуирана и аргументирана јавна дебата за европската иднина на државата. Таа нагласи дека за процесот на европска интеграција мора да се зборува секојдневно, јасно и искрено, особено со младите.

Осврнувајќи се на неодамнешна средба со студенти, Трајков посочи дека младите во Северна Македонија во голема мера ја поддржуваат европската интеграција, но изразуваат став дека членството не треба да се постигне „по секоја цена“. Според неа, токму ваквите дилеми, доколку не се адресираат со аргументи и транспарентна комуникација, можат да придонесат кон раст на евроскептицизмот, што претставува сериозен предизвик за државната европска агенда.

Во тој контекст, таа повика на заеднички ангажман на институциите, академската заедница, граѓанските организации и јавните личности со цел да се зајакне довербата на граѓаните во процесот.

Трајков нагласи дека европската интеграција значи пред сè напредок, воведување европски стандарди и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Иако Северна Македонија, како што истакна, направила значајни жртви и отстапки на својот европски пат, Владата останува целосно посветена на спроведување на реформите, претворајќи ги предизвиците во можности.

Таа информираше дека реформската агенда на државата е високо оценета и дека Северна Македонија е првата земја во регионот што добила средства за предфинансирање во рамките на Планот за раст на Европската Унија, во износ од 7 проценти од вкупно предвидените 750 милиони евра. Овие средства, според неа, ќе бидат насочени кон инвестиции и реформи во приоритетни области како што се јавната администрација, управувањето со јавните финансии, енергетската и дигиталната транзиција, човечкиот капитал, деловното опкружување и владеењето на правото.

Како конкретен пример за напредок, Трајков го посочи приклучувањето на државата кон Единствената зона за плаќања во евра (СЕПА), со што граѓаните и компаниите ќе имаат побрзи, поефикасни и поевтини трансакции во евра, под исти услови како и во земјите членки на Европската Унија. Таа заклучи дека само преку посветеност, дијалог и регионална соработка може да се оствари стратешката цел – полноправно членство во Европската Унија.

„Европската интеграција значи воведување на стандарди и подобар живот за граѓаните, а нашата обврска е преку реформи и отворен дијалог да ја задржиме довербата и поддршката, особено кај младите.“

**Томаш СТРАЖАЈ**

Директор на Словачката асоцијација за надворешна политика, Братислава



Томаш Стражај, директор на Словачката асоцијација за надворешна политика од Братислава, напомена дека Националната конвенција за Европската Унија претставува редок и вреден пример за балансиран, инклузивен и суштински дијалог за европската интеграција, каков што, според него, сè поретко се среќава и во самата Европска Унија. Тој нагласи дека, иако словачкиот проект за национална конвенција е завршен пред неколку години, искуството на Словачка нуди важни лекции за тоа како треба – и како не треба – да се комуницира за Европската Унија.

Стражај посочи дека евроскептицизмот не е феномен ограничен само на земјите кандидати, туку е присутен и во земјите членки на ЕУ. Како пример ја наведе Словачка, каде поддршката за членство во Европската Унија е релативно висока, околу 75 проценти, но истовремено дури 66 проценти од граѓаните сметаат дека „Брисел им диктира политики“ на националните власти. Овој, како што го нарече, „когнитивен судир“ укажува на сериозен проблем во јавниот дискурс за ЕУ.

Дополнително, тој истакна дека довербата на граѓаните во институциите на Европската Унија е значително повисока отколку довербата во националните институции, но и покрај тоа, ЕУ често се перцепира како далечен и наметнат центар на моќ. Според Стражај, дел од одговорноста за оваа состојба лежи и кај самата Европска Унија, која недоволно јасно и транспарентно комуницира за своите политики, буџетски приоритети и процесот на проширување.

Тој предупреди и на опасноста од создавање нереални очекувања од членството во ЕУ. Влезот на Словачка во Унијата, како што истакна, бил претставуван како „влез во рај“, што довело до разочарување кај дел од граѓаните кога социо-економските проблеми не биле решени преку ноќ. Според него, Европската Унија не треба да се прикажува ниту како исклучиво заедница на вредности, ниту како „банкомат“, туку како комплексен политички и економски проект кој бара одговорност, реформи и активно учество.

На крајот, Стражај нагласи дека клучен предуслов за успешна европска интеграција е постоењето на широк национален консензус и искрена јавна дебата, како во земјите кандидати, така и во земјите членки, бидејќи без таков консензус, процесот лесно може да стане заложник на дневната политика и дезинформациите.
„Евроскептицизмот не исчезнува со членството во Европската Унија – тој се намалува само ако постои искрена, реална и одговорна комуникација со граѓаните.“



**Ермелинда МУЧАЈ**

Проектен координатор,
Европско движење на
Албанија.

Ермелинда Мучај, проектна координаторка во Европското движење на Албанија, го претстави напредокот на Албанија во процесот на пристапување кон Европската Унија, нагласувајќи ја силната меѓузависност меѓу реформските политики, институционалната волја и поддршката од граѓаните. Таа потсети дека на 10 јули 2024 година Албанија ја одржа првата меѓувладина конференција со ЕУ, а до ноември 2025 година ги отвори сите кластери во преговорите, што претставува значаен чекор напред во интегративниот процес.

Мучај истакна дека во Албанија не постои изразен евроскептицизам, при што се повика на податоците од Евробарометарот, според кои дури 91 процент од граѓаните го поддржуваат членството во Европската Унија. Според неа, оваа широка поддршка е резултат на конкретни и видливи реформи, особено во областа на владеењето на правото. Таа ја нагласи сеопфатната реформа во правосудството, која вклучуваше процес на ветинг, воспоставување независни правосудни тела и формирање на специјализирано обвинителство за борба против корупцијата и организираниот криминал – институција која ужива висока доверба кај граѓаните.

Дополнително, таа посочи дека Албанија постигнала значителен напредок во дигитализацијата, при што над 95 проценти од јавните услуги се дигитализирани и усогласени со стандардите на ЕУ. Воведена е интероперабилна дигитална платформа што поврзува над 50 институции, што овозможува поголема транспарентност, ефикасност и намалување на корупциските ризици. Во оваа насока, Мучај ја нагласи и новата антикорупциска стратегија за периодот 2026–2030 година, која вклучува засилени механизми за контрола на имотот и финансиските текови на политички изложени лица.

Посебен акцент беше ставен на вклученоста на граѓанското општество во пристапниот процес. Таа информираше за воспоставувањето на партнерска платформа за европска интеграција, која функционира преку управен одбор и 33 тематски тркалезни маси – по една за секое преговарачко поглавје – во кои учествуваат граѓански организации, деловната заедница и независни експерти. Мучај нагласи дека, иако е постигнат значителен напредок, останува потребата од поголема транспарентност и посистематско следење на тоа во која мера препораките од овие тела се вградуваат во јавните политики.

На крајот, таа истакна дека процесот на европска интеграција не е исклучиво технички или институционален, туку бара мултисекторски пристап, силни административни капацитети и постојана соработка меѓу сите чинители, со цел реформите да бидат одржливи и општествено прифатени.
„Европската интеграција е успешна само тогаш кога реформите се реални, институциите независни, а граѓанското општество активно вклучено во носењето политики.“











## Бојана СЕЛАКОВИЌ

Национален координатор,
Национална конвенција за
Европска унија во Србија

Националниот координатор на Националната конвенција за Европска унија во Србија го започна своето излагање со изразување на благодарност и задоволство од континуираната регионална соработка, особено во рамките на заедничките иницијативи меѓу Северна Македонија и Србија. Таа потенцираше дека ваквите форуми не се само формални средби, туку платформи за размена на искуства, знаење и заедничко градење на реформски капацитети, со посебен акцент на проектите насочени кон владеење на правото.

Во продолжение, говорничката се осврна на своето неодамнешно учество на Форумот за проширување во Брисел, кој го оцени како значаен политички сигнал за новата динамика во процесот на проширување на Европската Унија. Таа истакна дека овој форум претставува пресвртница, бидејќи за првпат по подолг период се демонстрира јасна политичка волја од страна на ЕУ за продолжување и интензивирање на проширувањето, особено во контекст на актуелните геополитички предизвици.

Клучната порака од овој настан, според неа, е дека проширувањето повеќе не е приоритет само за земјите кандидати, туку станува стратешка потреба за самата Европска Унија. Таа ја поврза оваа промена со безбедносните импликации од војната во Украина, нагласувајќи дека геополитичките околности создадоа нов консензус меѓу земјите членки за важноста на интеграцијата на регионот во европските структури.

Сепак, говорничката укажа дека овој обновен интерес од страна на ЕУ не бил доволно искористен од сите држави кандидати. Таа посочи на јасна диференцијација во регионот, каде што одредени држави напредуваат побрзо, додека други, вклучително и Србија, остануваат заглавени поради недостаток на политичка волја за спроведување на суштински реформи.

Во анализата на српскиот случај, таа нагласи дека процесот на европска интеграција е комплексен баланс меѓу техничките реформи и политичките одлуки. Според неа, политичките елити во Србија со години го користеле прашањето за односите со Косово како оправдување за застојот во реформите, создавајќи парадоксална ситуација во која европската реторика коегзистира со практично одложување на реформскиот процес.

Оваа стратегија, според неа, довела до конфузија во јавноста и ерозија на довербата во процесот на европска интеграција. Граѓаните биле изложени на контрадикторни пораки, што резултирало со погрешни перцепции за условите и динамиката на пристапување во ЕУ, особено во однос на улогата на билатералните спорови.

Дополнително, таа укажа дека актуелната политичка и општествена ситуација во Србија, обележана со протести и длабока поларизација, довела до маргинализација на темата за европска интеграција во јавниот дискурс. Наместо да биде обединувачка стратегиска цел, евроинтеграцијата се перципира како инструмент на политичката власт, што дополнително ја усложнува нејзината легитимност.

Како заклучок, говорничката испрати јасна порака до Северна Македонија дека, и покрај политичките предизвици, реформските процеси мора да продолжат со континуитет и решителност. Таа нагласи дека клучната предност на Северна Македонија е постоењето на релативен национален консензус за европската перспектива, кој треба да се капитализира преку проактивно спроведување на реформите, со цел да не се пропушти актуелниот моментум во рамките на ЕУ.
„Процесот на европска интеграција може лесно да стане пропуштена шанса ако политичката волја изостане – затоа континуитетот на реформите е клучен за да се задржи чекорот со динамиката на Европската Унија.“

## Сашо ПЕТРУШЕВСКИ

Државен секретар,
Министерство за внатрешни
работи



Сашо Петрушевски, државен секретар во Министерството за внатрешни работи, се осврна на европската интеграција како заеднички и неминовен пат за Северна Македонија, Западниот Балкан, но и за новите земји-кандидати како Украина и Молдавија. Тој истакна дека и покрај различните национални контексти, сите држави ги обединува истата стратешка цел – обединета, посилна и стабилна Европа, изградена врз заеднички вредности и стандарди.

Петрушевски нагласи дека европскиот пат е процес исполнет со предизвици, но и со јасни успеси, при што секоја реформа претставува чекор кон подобро усогласување на општествата со европските норми. Според него, реформите значат воведување нови правила, но истовремено и суштински напредок, особено во областа на владеењето на правото, кое е еден од петте клучни приоритети во реформската агенда на државата. Успешната имплементација на овие реформи, како што посочи, ќе биде конкретен доказ за подготвеноста на Северна Македонија за членство во Европската Унија, нагласувајќи дека алтернатива на овој пат не постои.

Како носител на Поглавје 24 – Правда, слобода и безбедност, Министерството за внатрешни работи, во тесна соработка со Министерството за правда и низа други институции, има централна улога во спроведувањето на реформите. Петрушевски истакна дека иако дел од реформските чекори се реализираат согласно планираната динамика, други доцнат, но не се напуштени, туку активно се работи на нивна реализација со цел зајакнување на институционалните капацитети и меѓуинституционалната соработка.

Особено внимание тој посвети на прашањето на човечкиот капитал, посочувајќи дека реформските процеси не смеат да зависат од поединци, туку од силни и функционални институции. Задржувањето и мотивирањето на стручните кадри, како и вложувањето во новите генерации, беше нагласено како клучен предуслов за одржливи реформи. Во тој контекст, тој го истакна значењето на Центарот за обуки при МВР, кој е интегриран во образовниот систем и претставува основа за создавање професионална, модерна и услужна полиција.

Во регионален контекст, Петрушевски подвлече дека само преку заедништво и интензивна соработка, земјите од Западниот Балкан можат да станат рамноправни партнери на земјите-членки на ЕУ. Европската интеграција, според него, не е само гаранција за стабилност и безбедност, туку и предуслов за подобар квалитет на живот, силно владеење на правото и демократско општество во интерес на сите граѓани.
„Без силни институции и мотивиран човечки капитал, реформите остануваат формални – а нашата цел е тие да донесат реални придобивки за граѓаните и да ја приближат државата до Европската Унија.“



**Александра**
**ДЕАНОСКА**
**ТРЕНДАФИЛОВА**
Координаторка на Работна група 3, професорка, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје

Александра Деаноска-Трендафилова, координаторка на Работна група 3 и професорка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, се осврна на длабоките и чувствителни аспекти на правосудните реформи, нагласувајќи дека тие не смеат да се третираат исклучиво како формална обврска во процесот на европска интеграција, туку како суштинска потреба на македонското општество. Таа истакна дека двата клучни закони за кои се води дебата претставуваат централен дел од правосудната реформа и токму затоа нивната подготовка и имплементација мора да бидат внимателни, темелни и насочени кон долгорочна функционалност.

Професорката Деаноска-Трендафилова укажа дека постои ризик реформите да се доживуваат како „најголема обврска“ која се спроведува под надворешен притисок, наместо како можност за реално подобрување на судството и обвинителството. Таа потенцираше дека работните групи имаат задача да ги изработат законските решенија на оптимален начин, преку идентификување на сите слаби точки, давање конструктивни препораки и вградување на меѓународните стандарди, со цел да се избегнат долги транзициски периоди и правна несигурност.

Посебен акцент беше ставен на дисциплинските постапки во обвинителството, кои, според неа, мора да бидат јасно уредени, ефикасни и ослободени од политички и институционални влијанија. Таа објасни дека дисциплинската одговорност не смее да се релативизира или сведува на формалност, туку мора да се применува само во случаи на најтешки повреди, со јасно дефинирани нивоа и постапки. Во тој контекст, таа ја нагласи потребата од функционални дисциплински комисии и воведување рокови, бидејќи секое одолговлекување води кон застареност и ја поткопува довербата во системот.

Во своето излагање, Деаноска-Трендафилова се осврна и на позитивните оценки на Венецијанската комисија, особено во делот на зголемување на правната сигурност и зајакнување на институционалните гаранции за независност на обвинителството. Таа детално ги образложи предложените решенија за избор и улога на јавниот обвинител, потенцирајќи дека целта е да се минимизира партиското влијание и да се воспостави рамнотежа помеѓу уставните институции. Според неа, потребно е јасно раздвојување на надлежностите, со што ќе се обезбеди независност, но и отчетност на обвинителството.

Таа истакна дека предложениот модел предвидува засилена улога на Советот на јавни обвинители како филтер за кандидатите, со што се обезбедува дополнителна заштита од политички влијанија, а истовремено се задржува уставната рамка. Овој пристап, како што посочи, е во согласност со европските препораки и компаративната пракса, и претставува обид да се најде „средно решение“ меѓу различните модели на организација на обвинителската власт.

На крајот, Деаноска-Трендафилова нагласи дека вистинскиот тест на реформите нема да биде нивното усвојување, туку нивната доследна и квалитетна имплементација. Според неа, одговорноста сега е на институциите да покажат дека се способни не само да донесуваат добри закони, туку и да ги применуваат во практика, во интерес на владеењето на правото и довербата на граѓаните.

„Правосудните реформи не смеат да се гледаат како наметната обврска, туку како можност конечно да изградиме ефикасен, независен и доверлив правен систем што им служи на граѓаните.“



## Бојана БОСИЛКОВА

Министерство за правда,
Раководител на Одделение за
преговори и интеграција;

Бојана Босилкова, раководителка на Одделението за преговори и интеграција при Министерството за правда, во своето излагање се фокусираше на практичната, „другата страна на реториката“ на реформскиот процес – имплементацијата. Таа упати благодарност до Националната конвенција за можноста да се обрати на настанот и нагласи дека нејзината цел е да даде јасен преглед на тоа каде реално се наоѓа државата во спроведувањето на реформската агенда во областа на владеењето на правото.

Босилкова потсети дека неодамна беше објавен Извештајот на Европската комисија за напредокот на Северна Македонија, со оценки што ѝ се добро познати на јавноста, но нагласи дека анализата на состојбите не треба да се сведува само на овој документ. Таа посочи на значењето на Извештајот за владеење на правото, кој по вторпат ги опфаќа земјите од Западен Балкан и нуди подетален и посеопфатен приказ на статусот на реформите, за разлика од општите заклучоци во годишниот извештај за напредок.

Централен дел од нејзиното излагање беше реформската агенда како нов механизам на Европската Унија, во кој Министерството за правда има координативна улога. Таа отворено посочи дека процесот сè уште се одвива по принципот „learning by doing“, при што институциите паралелно учат и имплементираат. Во делот на владеењето на правото, реформската агенда опфаќа низа конкретни чекори: зајакнување на судскиот интегритет преку ревизија на постапките за избор, унапредување и разрешување на судии и обвинители, спроведување акциски план за борба против корупцијата во судството, унапредување на регулаторната рамка за Судскиот совет, дигитализација на управувањето со предмети, како и зајакнување на капацитетите за гонење организиран криминал и корупција и за поврат и управување со одземен имот.

Босилкова информираше дека во изминатиот период Министерството за правда подготви значителен сет на закони, од кои дел веќе се во владина, а дел наскоро ќе влезат во собраниска процедура. Како особено значаен го издвои Законот за Судскиот совет, кој е усогласен со препораките на оценската мисија на ЕУ и Венецијанската комисија и содржи унапредени одредби за изборот, одговорноста и дисциплинската постапка за судиите, како и за правото на жалба.

Таа нагласи дека сите клучни законски решенија се споделуваат со Венецијанската комисија и Европската комисија, со цел процесот да биде транспарентен и усогласен со европските стандарди.

Посебен акцент беше ставен на финансиската независност на судството и јавното обвинителство. Босилкова укажа дека кадровската и финансиската криза, нотирана и во извештаите на Европската комисија, претставува сериозен предизвик за имплементацијата на реформите. Иако пакетот закони за платите во судството и обвинителството е стопиран, Министерството за правда работи на нов Закон за судски буџет, кој треба да овозможи самостојно и независно управување со финансиските средства.

На крајот, таа се осврна и на поширокиот контекст на проширувањето на ЕУ, посочувајќи дека последните придвижувања, особено примерот на Албанија, покажуваат дека европската интеграција е достижна и реална. Според неа, Северна Македонија има капацитет и подготвеност за брзо отворање и затворање на кластерите доколку процесот на преговори се деблокира, под услов реформите да продолжат со истата динамика.

„Реформите нема да се мерат по тоа колку закони сме донеле, туку по тоа колку доследно и квалитетно ќе ги имплементираме во пракса.“

## Ентела САЛИУ

Сектор за европски
интеграции, Министерство за
внатрешни работи



Во своето обраќање, Ентела Салиу, претставничка на Секторот за европски интеграции при Министерството за внатрешни работи, ја нагласи централната улога на владеењето на правото како темел на европскиот проект и клучен предуслов за напредок во пристапните преговори. Таа ги презентираше клучните реформски чекори преземени во Албанија, особено во доменот на борбата против организираниот криминал и зајакнувањето на институционалните капацитети.

Како значајни достигнувања беа истакнати усвојувањето на законот за одземање на имот стекнат со кривични дела, изработката на Националната стратегија за борба против организиран криминал 2026–2030, како и стратегијата за мало и лесно оружје и експлозиви, усогласени со стандардите на Европската Унија. Дополнително, новиот Кривичен законик овозможува усогласување со 14 директиви на ЕУ, опфаќајќи области како трговија со луѓе, перење пари, нелегално оружје и конфискација на имот.

Европската комисија за 2025 година, беше посочено дека предизвиците поврзани со Поглавје 24 остануваат значајни, особено во делот на човечките ресурси, интеринституционалната соработка и ефективната имплементација на стратегиите. Во таа насока, беше упатен јасен повик за засилена соработка, подобро планирање и заедничка регионална посветеност кон европските вредности.

Конференцијата уште еднаш потврди дека процесот на европска интеграција бара не само законодавни промени, туку и континуиран политички и институционален ангажман, заснован на партнерство, транспарентност и заемна поддршка меѓу земјите од регионот.

„Владеењето на правото не е само европски услов, туку заедничка обврска за посилни институции, поголема безбедност и доверба на граѓаните.“



**Душко ЛОПАНДИЌ**

Потпретседател на Европското движење на Србија, професор и поранешен амбасадор на Србија во Европската Унија

Душко Лопандиќ, потпретседател на Европското движење на Србија, професор и поранешен амбасадор на Србија во Европската Унија, нагласи дека прашањето за владеењето на правото, правната држава и примената на законите е едно од најактуелните прашања за регионот. Тој истакна дека европската интеграција не смее да остане на ниво на декларативни пораки, туку мора да се мери преку конкретна имплементација на реформите и институционална одговорност.

Тој потсети дека Србија и Црна Гора во 2018 година биле сметани за лидери во процесот на пристапување кон Европската Унија, но дека денес состојбата е значително променета. Во последните години Србија нема отворено нови кластери или поглавја, а реформските обврски не се исполнуваат. Според него, Србија не успеала да обезбеди пристап до средства од Планот за раст и реформската агенда, освен почетната финансиска поддршка.

Лопандиќ оцени дека државата се наоѓа во длабока политичка и социјална криза, обележана со доминација на извршната власт врз парламентот и правосудството. Тој нагласи дека оценките на домашните експерти и извештаите на Европската комисија се совпаѓаат во заклучокот дека Србија бележи стагнација, а во одредени области и назадување во владеењето на правото.

Посебно внимание беше посветено на трагедијата во Нови Сад, каде при уривање на реконструирана кровна конструкција на железничката станица загинаа 16 лица.

Лопандиќ ја посочи оваа несреќа како симбол на системска корупција, лошо управување и институционална неодговорност, што предизвикало масовни протести, пад на довербата во институциите и силно антикорупциско расположение во јавноста. Тој предупреди дека Србија денес претставува пример на „заробена држава“, но и на „заробен процес на европска интеграција“. Според него, растечкиот евроскептицизам кај младите е резултат на впечатокот дека европскиот процес е блокиран и дека ЕУ толерира недемократски практики. Дополнително, концептот на „дестабилиократија“ – владеење преку создавање нестабилност – довел до внатрешна и регионална несигурност.

Во делот за правосудството, Лопандиќ посочи дека значителен дел од населението не верува во независноста на судството, што е меѓу најниските ни-воа во Европа. Тој нагласи дека без независни судии и обвинители нема вистинска борба против корупцијата, бидејќи во спротивно институциите остануваат подложни на политички притисоци и злоупотреба на јавните ресурси.

Тој исто така предупреди на сериозни проблеми со слободата на медиумите, истакнувајќи дека голем дел од јавниот медиумски простор е под контрола на извршната власт. Според него, таквата состојба ја нарушува демократската дебата, ја искривува јавната перцепција и дополнително ја намалува довербата на граѓаните во институциите и во европските вредности.

Како заклучок, Лопандиќ порача дека Србија има потреба од вистинска независност на правосудството, ефикасни антикорупциски механизми, слободни медиуми и обновување на довербата во европската перспектива. Тој повика на поголем дијалог со младите и активирање на граѓанското општество, со цел европеизацијата повторно да се врати на вистинскиот пат.

„Не е заробена само државата, туку и самиот процес на европска интеграција на Србија е заробен.“

**Владимир МИЛОШЕСКИ**

Јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство Скопје;



Во своето обраќање, Владимир Милошески, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје, се осврна на јазот помеѓу дигиталната реалност на современиот криминал и аналогниот начин на функционирање на правосудниот систем. Тој нагласи дека, и покрај континуираните препораки на Европската комисија за дигитализација, е-правда и модернизација на кривичната постапка, во пракса доказите сè уште најчесто се презентираат на хартија, со минимална употреба на дигитални алатки.






economic catch-up of lagging regions
GDP per head (PPS) in less, moderately and more developed regions (in % of the EU average)
More developed
EU-28
Moderately developed
Less developed
Index EU-28=100
Source: EUROSTAT and REGIO calculations.

Според Милошески, криминалот одамна не препознава физички граници, временски зони или национални јурисдикции. Електронските комуникации се глобални, а интернетот овозможува измами и кривични дела што се извршуваат транснационално, често без жртвите или институциите да бидат свесни за тоа. Тој укажа дека современите електронски уреди, особено паметните телефони, не се само средства за комуникација, туку комплексни дигитални платформи со огромен капацитет за складирање, трансфер и измена на податоци.

Посебно внимание беше посветено на појавата на deepfake технологијата, која овозможува манипулација со глас, видео и дигитален идентитет, создавајќи лажни сведоштва, измамнички корпоративни наредби и фиктивни дигитални личности. Милошески нагласи дека ваквите феномени не биле предвидени со постојното, претежно аналогно законодавство, што создава сериозни празнини во кривичноправната заштита.

Во тој контекст, тој се осврна на Конвенцијата за компјутерски криминал на Советот на Европа (т.н. Будимпештанска конвенција), која Република Северна Македонија ја има ратификувано уште во 2005 година. Според него, иако конвенцијата е донесена пред повеќе од две децении, таа и понатаму претставува клучна правна основа за борба против компјутерскиот криминал, особено преку нејзините дополнителни протоколи што овозможуваат меѓународна правна помош, заеднички истражни тимови и прибирање дигитални докази преку интернет сервис провајдери.

Милошески истакна дека финансиските истраги се нераскинлив дел од современите кривични постапки, но дека и во овој сегмент правосудството се соочува со сериозни предизвици. Фијат-парите сè повеќе се заменуваат со криптовалути, електронски паричници и сложени трансакциски шеми, додека процесните закони сè уште не ги препознаваат поимите како „миксер“, фрагментирано плаќање или специфичните модели на крипто-трансфери.

Тој потенцираше дека дигитализацијата не значи само прибирање електронски докази, туку и нивна ефективна употреба во судските постапки. Презентирањето на докази преку застарени медиуми, физичко носење на обемна документација и технички ограничувања во судниците ја забавуваат постапката и ја намалуваат нејзината ефикасност. Како решение, Милошески предложи електронски списи, дигитална размена со одбраната, користење на алатки за пребарување, како и voice-to-text технологии за записници, со цел значително забрзување и поефикасно водење на постапките.

Во заклучокот, Милошески нагласи дека потребата од дигитална трансформација на правосудството повеќе не е прашање на избор, туку на неопходност.

Само преку усогласување на процесните закони со технолошката реалност и преку целосно искористување на меѓународните правни инструменти, институциите ќе можат да го фатат чекорот со современите криминални структури и да обезбедат ефикасно и правично постапување.

„Не можеме да зборуваме за вистинско владеење на правото ако криминалот функционира дигитално, а правосудството останува заглавено во аналоген режим.“

**Ненад САВЕСКИ**

Судија во Одделението за организиран криминал и корупција, Основен кривичен суд, Скопје



Ненад Савески, судија во Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот кривичен суд Скопје, ја истакна директната поврзаност помеѓу финансиската независност на судството, независното судење и владеењето на правото. Според него, силно и независно судство не може да постои без соодветна и стабилна финансиска поддршка, која претставува предуслов за остварување на демократските вредности.

Савески нагласи дека финансиската независност не се однесува исклучиво на материјалниот статус на судиите, туку и на судската служба, која ја опиша како „крвотокот на правосудниот систем“. Без стручна, мотивирана и професионална судска администрација, не може да се очекува ефикасно, брзо и квалитетно раздавање на правдата, ниту пак остварување на европските стандарди во правосудството.

Тој укажа дека одговорноста за обезбедување на овие стандарди е заедничка и бара функционална соработка меѓу судската, извршната и законодавната власт. Иако судството мора да даде свој придонес и да ја прифати одговорноста за подобрување на резултатите, без соодветна законодавна и извршна поддршка не е можно целосно да се постигнат очекуваните резултати, особено во борбата против корупцијата и организираниот криминал.

Во обраќањето беше потенцирано дека борбата против сериозниот криминал не може да се води со слаби и финансиски потценети институции, особено кога криминалните структури располагаат со значителни ресурси. Според Савески, подобрувањето на финансиската состојба и автономијата на судството не е привилегија за институциите, туку неопходност во интерес на граѓаните и нивната доверба во правдата.

На крајот, Савески нагласи дека секој напад врз независноста и угледот на судството претставува директен удар врз довербата на граѓаните. Враќањето на таа доверба, преку ефикасна, навремена и видлива правда, е обврска на целиот систем и клучен предуслов за исполнување на европските стандарди и напредокот на државата на патот кон Европската Унија.
„Не можете да се борите со сиромашни институции кога спроти вас стојат богати криминални структури.“



**Слободан ИВАНОВСКИ**

Директор, Управа за финансиска полиција, Северна Македонија

Слободан Ивановски, директор на Управата за финансиска полиција на Северна Македонија, ја нагласи потребата од длабоки и суштински реформи кои започнуваат од менталитетот и институционалната култура, а не исклучиво од формалните законски измени. Според него, политичката, безбедносната и финансиската култура претставуваат основен предуслов за секоја успешна институционална трансформација и мора да се градат како заеднички општествен концепт, надвор од партиски поделби.

Ивановски ја истакна дигитализацијата како клучен приоритет за органите на спроведување на законот. Недостатокот од целосно дигитализирани и поврзани институционални бази, според него, не само што ја забавува работата, туку создава и сериозни ризици за компромитирање на предистражните постапки. Користењето хартиени дописи и физичка комуникација меѓу институциите овозможува протекување информации, особено во случаи кога се истражуваат моќни и добро поврзани субјекти.

Тој укажа и на системскиот проблем со паралелно постапување на повеќе институции по ист предмет, што резултира со трошење ограничени ресурси, губење време и намалување на ефикасноста. Како можен излез, Ивановски посочи потреба од централизирана евиденција и подобра координација, под водство на јавното обвинителство како доминус литис во предистражната и истражната постапка, со цел да се избегне институционално преклопување.

Во своето излагање, тој силно се заложи за култура на аргументирана дебата и прифаќање на различно мислење во рамките на институциите. Според него, квалитетното донесување одлуки бара внатрешен дијалог, јасна вертикална одговорност и управување засновано на професионализам, а не на хиерархиска формалност. Дигитализацијата и решавањето на системските проблеми, како што нагласи, мора да бидат точка број еден на институционалната агенда.

Ивановски посвети значително внимание и на човечката димензија на финансиските истраги. Тој подвлече дека секоја кривична пријава директно влијае врз животите на поединците и нивните семејства, поради што постапувањето мора да биде крајно одговорно, аргументирано и поткрепено со цврсти докази. Поднесувањето неосновани или слабо издржани пријави, според него, претставува сериозен удар врз човечките судбини и врз довербата во институциите.

Во формалниот дел од излагањето, Ивановски нагласи дека „Европа се гради дома“ и дека европските стандарди не се апстрактен политички наратив, туку оперативна реалност што бара дисциплина, координација и институционална симбиоза. Управата за финансиска полиција, како што истакна, работи со политика на нулта толеранција кон финансискиот криминал и корупцијата, без оглед на позиција, функција или политички контекст.

Тој информираше дека во изминатата година се зајакнати капацитетите за финансиска анализа, подобрена е интероперабилноста со други институции, дигитализирани се процеси кои со децении се воделе рачно и е зголемена институционалната независност. Овие реформи, според него, не се спроведуваат за формално исполнување на услови, туку за градење отпорна и функционална држава.

Како конкретни резултати, Ивановски наведе дека од неговото именување се поднесени 46 кривични пријави против 146 физички и 45 правни лица, со вкупна проценета штета и противправна имотна корист од околу 2,76 милијарди денари. Тој потенцираше дека фокусот мора да биде на квалитетот, а не на квантитетот, односно на сложени случаи со висок финансиски импакт и сериозен организиран криминал.

Во заклучокот, Ивановски истакна дека интегритетот е системска вредност без која не може да постои европски модел и дека борбата против корупцијата и финансискиот криминал е клучна за спречување на институционална дивергенција од европскиот пат. Само преку одговорно управување со јавните средства и засилена соработка со европските институции, може да се изгради стабилна, отпорна и доверлива Европска Македонија.
„Европа не е политички наратив – Европа е доверба, а нашата задача е да ја градиме тука, преку институции што испорачуваат резултати.“



## Андрзеј Садецки

раководител на Централно-европскиот оддел при Центарот за источни студии во Варшава

## Гилда РУШИ и Клеа ЏАФЕРИ

Независни експертки, Република Албанија



Андрзеј Садецки, раководител на Централно-европскиот оддел при Центарот за источни студии во Варшава, го сподели искуството на средноевропските земји со повеќе од две децении членство во Европската Унија. Тој нагласи дека проширувањето од 2004 година донело значителна економска конвергенција, иако процесот не се одвивал линеарно и бил погоден од глобални кризи.

Според Садецки, земјите од Вишеградската група стартувале со 30–40% од просекот на БДП на ЕУ, а денес достигнуваат 70–80%, при што некои веќе се блиску до европскиот просек. Клучни фактори за овој напредок се пристапот до единствениот пазар, кохезиските фондови и регулаторната стабилност, кои поттикнале трговија, инвестиции и интеграција во европските синџири на снабдување. Посебно беше истакнато дека економската поврзаност меѓу средноевропските земји се зголемила повеќекратно.

Тој посочи и на конкретните придобивки: повисок животен стандард, намалување на сиромаштијата, пониска невработеност и значајни инфраструктурни подобрувања. Истовремено, Садецки укажа дека регионот сè уште се соочува со сериозни предизвици – премин кон економија со поголема додадена вредност, зелена транзиција без деиндустријализација, подобра транспортна поврзаност, негативни демографски трендови и зголемени безбедносни ризици.

Во заклучокот, Садецки истакна дека искуството на Средна Европа покажува оти членството во ЕУ создава силни услови за развој и стабилност, но успехот во голема мера зависи од капацитетот и одговорноста на самите држави да ги спроведуваат реформите и да ги зачуваат постигнатите придобивки.
„Европската унија е неопходна рамка за брз развој, но таа не е магично решение – многу од предизвиците мора да се решат на национално ниво."

Во своето заедничко излагање, Гилда Руши и Клеа Џафери ја претставија албанската правосудна реформа како комплексен, политички чувствителен, но неопходен процес, длабоко поврзан со европската интеграција, институционалната трансформација и обновата на довербата на граѓаните во правдата. Тие нагласија дека реформата не произлегла само од недовербата во правосудниот систем, туку и од потребата државата активно да одговори на системската корупција и организираниот криминал.

Реформскиот процес, кој доби силен импулс по 2014 година и кулминираше со уставни и законски измени во 2016 година, беше резултат на редок политички консензус меѓу власта и опозицијата, поддржан од граѓаните и од Европската Унија. Реформите не се ограничиле само на реорганизација на постојните институции, туку довеле до создавање целосно нови тела во правосудството и обвинителството, со јасно дефинирани мандати, рокови и механизми за отчетност.

Централно место во реформата заземе процесот на ветинг – темелна проверка на судиите и обвинителите според три столба: потекло на имот, професионална способност и интегритет. Според изнесеното, околу 60% од проверените не го поминале процесот, што довело до сериозни и непредвидени последици: институционални блокади, недостиг на кадар, нефункционалност на судови и обвинителства и пролонгирани постапки. Овие ефекти дополнително се продлабочиле поради задоцнетото воспоставување на новите институции, кои формално биле предвидени со закон, но реално започнале со работа неколку години подоцна.

Како одговор на кризата, Високиот судски совет бил принуден да воведе нова судска мапа, со спојување на судови и реорганизација на надлежностите, со цел да се зачува пристапот на граѓаните до правда. Сепак, беше потенцирано дека овие мерки не биле проследени со доволни финансиски и логистички ресурси, што дополнително ја оптоварило судската инфраструктура.

Посебен акцент беше ставен на формирањето на Специјалното обвинителство против корупција и организиран криминал (СПАК) и Националното биро за истраги (НБИ), моделирано според ФБИ. Претставен беше исклучително строг, транспарентен и меритократски процес на регрутација на истражители, отворен не само за полицајци, туку и за правници, економисти и ИТ-експерти – профили клучни за современите финансиски и дигитални истраги.

Од над 600 кандидати, само 28 биле избрани во првата генерација, по повеќефазни тестирања, ветинг и четиримесечна интензивна обука со поддршка од ЕУ и ФБИ.

И покрај почетните критики и жалби, транспарентноста на процесот и професионалните резултати довеле до висока јавна доверба. Денес, СПАК се перципира како една од најкредибилните институции во Албанија, со истражители кои не биле дел од старите структури и кои работат со висок степен на интегритет и мотивација. Дополнително, реформата вклучи и значително зголемување на платите на судиите – од околу 1.000 евра во 2016 година на приближно 3.500 евра по 2020 година – како превентивна мерка против корупција.

Во заклучокот, Руши и Џафери истакнаа дека ваквите длабоки реформи носат високи краткорочни трошоци и институционални потреси, но дека на долг рок тие создаваат независно, деполитизирано и професионално правосудство. Европската интеграција, според нив, е важна рамка и поттик, но успехот зависи од внатрешната политичка волја, институционалната издржливост и подготвеноста на државата да ја плати цената на вистинската трансформација.



**Амбре МОКОР**

Економистка, Виенски институт за меѓународни економски студии

Амбре Мокор ја разгледува економската конвергенција од агол на територијалната нееднаквост – прашање што станува сè поклучно за Европската Унија. Таа нагласува дека разликите во развојот не постојат само меѓу земјите членки, туку и внатре во самите држави, што ја прави дебатата за кохезија посложена од традиционалната поделба Исток–Запад.

ЕУ активно се обидува да ги намали овие нееднаквости преку кохезионата политика, во која се инвестира околу една третина од вкупниот буџет на Унијата. Овие средства придонесуваат за постепена конвергенција на помалку развиените региони, но процесот не е рамномерен. Одредени умерено развиени региони бележат застој или релативен пад, што создава „географија на незадоволство“ и често се поврзува со повисоки нивоа на евроскептицизам.

Во контекст на Северна Македонија, Мокор посочува дека земјата во целина бележи побрз развоен тренд во однос на просекот на ЕУ, но истовремено се продлабочуваат внатрешните регионални разлики, особено меѓу Скопскиот регион и останатите региони. Ова, според неа, претставува сериозна загриженост и за националните политики и за ЕУ.

Како клучен одговор, таа ја истакнува важноста на кохезионата политика во рамки на процесот на проширување, особено поврзано со Поглавје 22. Северна Македонија, според неа, мора поефикасно да ги користи достапните европски фондови преку стабилен административен кадар, функционална децентрализација, силна финансиска рамка за општините и подобра координација меѓу институциите.

Во заклучокот, Мокор нагласува дека територијалната кохезија не е споредeн, туку темелен принцип на Европската Унија. Проширувањето не треба да се перципира како ризик, туку како можност – под услов државите, граѓаните и особено општините да покажат капацитет, подготвеност и визија за стратешко користење на европските кохезионни фондови.

**Никола АЛТИПАРМАКОВ**

Доцент на Економски факултет, Универзитет во Белград, член на Фискалниот совет на Србија



Никола Алтипармаков се фокусираше на долгорочната економска конвергенција на земјите од регионот преку споредба на животниот стандард во Северна Македонија, Србија, Бугарија и Романија, мерен преку БДП по глава на жител според паритет на куповна моќ. Тој укажа дека во 2000 година сите овие земји се наоѓале на приближно 25–30% од просекот на ЕУ, додека денес е забележлив напредок, но со значајни разлики меѓу нив.

Северна Македонија достигнала околу 42% од просекот на ЕУ, што укажува на конвергенција, но и отвора прашање дали темпото е доволно. Србија, со околу 51%, има подобар резултат, делумно благодарение на фискалната консолидација и зголемените јавни инвестиции во изминатата деценија. Сепак, Алтипармаков нагласи дека забавувањето на пристапниот процес кон ЕУ е проследено и со забавување на економскиот раст.

Особено значајна е споредбата меѓу Србија и Бугарија, две слични по големина земји со споредливи реформи, каде клучната разлика произлегува од членството на Бугарија во ЕУ и пристапот до заедничкиот пазар и европските фондови. Уште појасен пример е Романија, која достигнала околу 78% од просекот на ЕУ, што Алтипармаков го поврза со подобро спроведени реформи во владеењето на правото и институционалниот развој.

Тој нагласи дека европската интеграција не е автоматски процес и дека земјите мора „да ја напишат домашната задача“, особено во контекст на претстојната зелена транзиција.

Воведувањето на механизмите поврзани со јаглеродниот отпечаток ќе претставува сериозен предизвик за енергетските системи на Србија и Северна Македонија, кои ризикуваат да станат неконкурентни без навремени инвестиции и поддршка.
„Мораме да ја напишеме нашата домашна задача – членството во ЕУ не е само политички договор, туку економски и институционален процес.“

Во заклучок, Алтипармаков истакна дека сите политики, реформи и мерки на крајот се рефлектираат во една клучна мерка – животниот стандард, односно БДП по глава на жител – како најјасен показател за реалниот напредок на една земја.



## Драган ТЕВДОВСКИ

Експерт на НКЕУ-МК, професор на Економски факултет - УКИМ, Скопје

Драган Тевдовски, се осврна на економската конвергенција и развојот на доходот во регионот на Западен Балкан, со акцент на Северна Македонија во споредба со Бугарија и Романија. Во своето излагање, тој ја истакна важноста на анализата на БДП по глава на жител, прилагоден за паритет на куповна моќ, како мерка за вистинската економска позиција на една држава во однос на соседните земји и просекот на Европската Унија.

Тевдовски нагласи дека, иако се зборува за конвергенција на доходот, податоците покажуваат спротивно – постои дивергенција на доходот меѓу земјите кои не се членки на ЕУ и оние кои се приклучиле во 2007 година. Тој го наведе примерот со Бугарија и Романија: во 2007 година, БДП по глава на жител во Северна Македонија бил околу 24% понизок од Бугарија и 30% понизок од Романија. До 2024 година, овие разлики се зголемиле на 37% и 46% соодветно, што јасно укажува дека заостанувањето на Македонија не само што не се намалува, туку се зголемува.

Еден од клучните фактори за оваа дивергенција е пристанот на кохезионите фондови на ЕУ. Земјите-членки на ЕУ, како Бугарија и Романија, добиваат значително поголемо финансирање преку кохезионите фондови, додека земјите од Западен Балкан се ограничени на ИПА програми, кои обезбедуваат помалку средства во однос на нивниот БДП. Тевдовски нагласи дека, додека ИПА фондовите се корисни за поддршка на развојни проекти и инфраструктура, тие не можат да го компензираат финансискиот ефект од целосното членство во ЕУ, кое обезбедува долгогодишна стабилност и развојна поддршка.

Дополнително, Тевдовски ја истакна важноста на економската моќ како основа за националната стратегиска позиција. Според него, БДП не е само показател за животниот стандард, туку и мерка за економската и стратешката сила на државата:
„Ако БДП не се движи како треба во споредба со други земји, тоа значи дека го доведуваме во прашање и на крајот и обстанокот на државата.“

Тевдовски посочи дека економската слабост ги ограничува капацитетите на државата да учествува рамноправно во меѓународните односи и да обезбеди конкурентност на домашната економија. Тој нагласи дека за да се справиме со оваа динамика, неопходно е да се спроведуваат структурни и фискални реформи, не само поради процесот на приклучување кон ЕУ, туку пред сè заради јакнење на домашниот капацитет и способноста на државата самостојно да управува со економијата и ресурсите.

Во контекст на регионалните искуства, Тевдовски го спореди развојот на Северна Македонија со Србија, која користела успешна фискална консолидација за стимулирање на јавните инвестиции. Тој истакна дека успешното користење на финансиски средства, било преку инвестиции, грантови или кредити, е директно поврзано со способноста на државата да го зголеми својот економски капацитет и конкурентност.

Заклучокот на Тевдовски беше јасен: економскиот развој, подобрувањето на БДП по глава на жител и стратешката економска моќ не се само показатели за животниот стандард, туку клучни елементи за опстанокот и стабилноста на државата. Тој нагласи дека спроведувањето на реформите и стратегиското користење на финансиските и човечките ресурси е неопходно за да се спречи понатамошна дивергенција и да се обезбеди одржлив развој на Северна Македонија во регионален и европски контекст.










Funded by the European Union

SlovakAid
GOOD IDEA SLOVAKIA

CEI
CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

# ЕВРОПСКО ДВИЖЕЊЕ (ЕММК)

## ЧЕТВРТА РЕГИОНАЛНА ПЛЕНАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА



## НЕКА ПРАВДАТА ВЛАДЕЕ СО РЕГИОНОТ

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

Let the Justice Rule the Region

SFPA
Slovak Foreign Policy Association




## Милева ЃУРОВСКА

Национален координатор на НКЕУ-МК, претседател на Европско движење во Република Северна Македонија;

Професорката Милева Ѓуровска, го отвори четвртиот експертски состанок во рамките на проектот „Нека владее правдата во регионот“, истакнувајќи го континуитетот и растечката зрелост на регионалната соработка меѓу партнерските организации од Северна Македонија, Србија и Албанија. Таа нагласи дека, покрај долгогодишните професионални врски, иницијативата поттикнала нови партнерства и доверба, потврдувајќи ја вредноста на одржливиот регионален дијалог.

Ѓуровска истакна дека тригодишниот проектен циклус поминал побрзо од очекуваното, токму затоа што соработката еволуирала од индивидуални активности во стратешки, регионално релевантен ангажман. Таа оцени дека овој моментум создава соодветни услови за продлабочување на партнерствата и унапредување на посуштински заеднички иницијативи, особено во контекст на проширувањето на ЕУ и централната улога на владеењето на правото.

Позиционирајќи го проширувањето во рамките на актуелните геополитички и економски реалности, таа нагласи дека Европската Унија јасно го реафирмирала проширувањето како приоритет. За Западен Балкан, рече таа, ова претставува реален „прозорец на можности“, зајакнат со Планот за раст на ЕУ, кој ги забрзува реформите, воведува конструктивна регионална конкуренција и го редефинира пристапувањето како политички процес воден од резултати, а не само како чиста политика.

„Ова е вистинскиот замав за проширувањето на ЕУ со Западен Балкан, каде пристапувањето повеќе не е само политика, туку политика која бара конкретни резултати.“



## Пјер Вирџилио ДАСТОЛИ

Претседател на Европското движење во Италија

Пјер Вирџилио Дастоли, претседател на Европското движење во Италија, се обрати на конференцијата преку интернет, извинувајќи се за неговото отсуство, притоа реафирмирајќи ја својата силна посветеност на регионалната соработка и ветувајќи дека лично ќе присуствува на следната Национална конвенција.

Говорејќи од перспектива и на италијанското и на меѓународното Европско движење, тој подвлече дека иницијативата „Нека владее правдата во регионот“ одекнува далеку надвор од Западен Балкан.

Дастоли ја прошири рамката на дискусијата тврдејќи дека правдата не е само регионална или национална грижа, туку континентална. За Европското движење, нагласи тој, не може да има мир или демократија во Европа без правда, позиционирајќи го владеењето на правото како јадро на нормативниот темел на европскиот проект.

Тој потенцираше дека владеењето на правото не е само внатрешно прашање за земјите кандидатки, туку обврзувачка задача и за земјите членки на ЕУ. Иако пристапувањето е условено со исполнување на критериумите од Копенхаген, вклучително и почитувањето на владеењето на правото, Дастоли предупреди дека недостатоците во постојните земји членки го поткопуваат кредибилитетот на проширувањето. Тој ги цитираше неодамнешните мониторинг мисии на Европскиот парламент и изрази загриженост поради политичкиот отпор кон надзорот, вклучително и во Италија.

